# Образложение кон неревидираниот консолидиран и посебен Биланс на успех за период 01.01-31.03.2020 година

РЕПЛЕК АД Скопје оствари позитивни консолидирани и неконсолидирани финансиски резултати во периодот 01.01-31.03.2020 година.

**1. Неконсолидиран финансиски резултат**

Реплек АД Скопје во периодот од 1 јануари 2020 година до 31 март 2020 година оствари неконсолидирана добивка пред оданочување во износ од МКД 110.775 илјади и бележи зголемување од 32% во однос на истиот период минатата година. Приходите од продажба на домашен пазар имаат зголемување од 39% во однос на истиот период минатата година. Остварената добивка пред оданочување во најголем дел произлегува од евидентираните приходи од вложувања во поврзаните субјекти во износ од МКД 108.000 илјади, од остварениот резултат во 2019 година.

**2. Консолидиран финансиски резултат**

Консолидираната оперативна добивка за периодот од 1 јануари 2020 година до 31 март 2020 година на Реплек АД Скопје изнесува МКД 34.241 илјади. Оперативните приходи изнесуваат 246.124 илјади денари и се зголемени за 7%, а оперативните расходи изнесуваат 219.879 илјади денари и бележат зголемување за 7% во однос на истиот период претходната година. Приходите од продажба на странски пазар имаат учество од 61% во вкупните приходи од продажба (2019: 56%) и имаат зголемување од 16% во однос на истиот период минатата година. Приходите од продажба на домашен пазар имаат учество од 39% во вкупните приходи од продажба (2019: 44%) и имаат намалување од 6% во однос на истиот период минатата година. Консолидираната добивка пред оданочување изнесува МКД 33.807 илјади и е зголемена за 35% во однос на истиот период минатата година.

Реплек АД Скопје во текот на 2020 година има исплатено дивиденди и даноци за исплатените дивиденди во вкупен износ од МКД 108.029 илјади денари, односно исплата на дивиденда во нето износ од 3.751 денари по акција.

Реплек АД Скопје во текот на 2020 година има приливи од дивиденда од придружени друштва во износ од МКД 108.000 илјади.

**Проценка на менаџментот за влијанието на моменталната ситуација (прогласена пандемија од COVID-19) врз работењето на Друштвото**

Во првиот квартал во 2020 година според поединечните финансиски извештаи, Реплек АД Скопје бележи раст на оперативните приходи од 39% во однос на истиот период минатата година. Консолидираните оперативни приходи се зголемени за 7% во однос на мината година, воглавно поради зголемениот извоз, додека намалувањето на оперативните приходи на домашен пазар е поради привремениот прекин во работењето на маркетот Реплек Маркет и ресторанот "Ден и ноќ" согласно мерките за заштита од коронавирусот COVID-19 предвидени од Владата на Р.С. Македонија.

Наплатата на побарувањата на домашен пазар и од странски партнери се одвива во рамките на очекуваното, без поголеми пролонгирања на роковите на плаќање. Сепак, поради настанатата ситуација во светски размери, Групацијата се соочува со проблеми при работењето, најмногу поради тоа што снабдувањето со суровини и амбалажа се

одвива во отежнати воредни услови, транспортот исто така е ограничен, како и цените на одредени категории производи бележат раст.

Менаџментот будно ја следи состојбата и презема низа чекори за обезбедување на континуитет во своето работење и засега успешно се справува со своите предизвици.

Со олабавување на мерките врзано за COVID-19 и враќање на нормалниот тек на работењето во Р.С. Македонија и во светот се очекува и стабилизирање на прометот и пораст на истиот.

Реализираниот промет на групациско ниво не се очекува да има значајни отстапувања во однос на планираниот.

**РЕПЛЕК АД Скопје**